До
Деканот на факултетот за природни и технички науки
Проф. д-р Зоран Деспотов

**Предмет:** Приговор на објавениот Р Е Ф Е Р А Т за избор во сите звања за наставно – научната област лежишта на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, бр. 159 од 01.12.2015.

Приговорот го поднесувам согласно Член 46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, односно во рок од 15 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Универзитетски билтен.

Овој приговор се однесува на два сегмента во објавениот реферат и тоа во делот на составот на рецензентската комисија и во делот на бодирањето на НО, НИ САОР во рамките на поднесениот реферат.

Со Одлука бр. 17-287/20 од 22.10.2015 година донесена на 18. Седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 22.10.2015 година, определени се членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област лежишта на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, од три различни наставно-научни области и тоа наставно научна област лежишта на минерални суровини, наставно – научна област минерологија и петрологија и наставно – научна област хемија.

Со голем респект и почитување на оваа комисија која има домашен и меѓународен авторитет, но со мое големо извинување доколку некој од членовите се почувствува навреден на овој приговор, но секогаш во преден план треба да бидат испочитувани законските регулативи.

Согласно член 132 од Законот за Високо образование повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно – научни и наставни звања од истата наставно – научна односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови се од сродна наставно – научна односно уметничка област.

Согласно член 38 од Правилникот за избор во наставно-научни и соработнички звања повеќе од половина од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно – научни звања и наставници од истото наставно – научно, односно уметничко подрачје во наставно – научната односно уметничката област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно – научна, односно уметничка област.

Имајќи го предвид претходно изнесеното се добива впечаток дека при определувањето на членовите на Рецензентската комисија не се применети споменатите членови од Законот за Високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Оваа констатација се повторува со фактот дека сите три члена на Рецензентската комисија се од три различни наставно – научни области.

Се наметнува прашањето од кои причини за член на Рецензентската комисија се поставува надворешен член и тоа од наставно научна област Хемија која нема допирни точки со наставно – научната област на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот Гоце Делчев во Штип. Исто така се поставува уште едно прашање и по 38 години постоење Факултетот не создал сопствени кадри за избор на наставници од одредени наставно научни области, а доколку ги има зошто не се почитуваат.

Во вториот дел ќе бидат прикажани само дел од забелешките и тоа на основа на познавањето на кандидатот и резултатите кои ги има постигнато од вработувањето до денес а кои се значајни за изборот во редовен професор. Не навлегувајќи во детали, бидејќи не располагаме со документацијата која ја приложил кандидатот, во текстот кој следува ќе дадеме дел од пропустите во приложениот реферат.

НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

Недоволно се применети критериумите за избор во звање редовен професор согласно член 11 став три од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Елементите кои недостасуваат при оценувањето а кои се од значење при изборот а се однесуваат на НО се следните:

Кандидатот во досегашниот свој работен период од вработувањето до денес во рамките на НО во наставно – научната област која се бира ги има постигнато следните резултати:

– ментор на одбранет дипломски труд – само еден во 2006 година, во последните 5 години резултатот е нула,
– ментор на одбранет магистерски труд – резултатот е нула,
– ментор на одбранета докторска теза – резултатот е нула,
– издадена рецензирана скрипта или практикум – резултатот е нула,
– издадена монографија/книга во земјата и странство – резултатот е нула,
– член на рецензентска комисија за избор на кандидат во наставно – научно звање – резултатот е нула,
– член на комисија за рецензија на учебник, книга, скрипта или практикум – резултатот е нула,

Се поставува прашањето дали кандидатот со овие резултати има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници и покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност. Исто така дискутабилни се поените внесени во табелата каде кандидатот по основ на НО има вкупно 90 поени, но никаде не е дадено на кој начин се добиени, а особено добиените 40 поени од НО во последните пет години.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Во табелата се даваат 10 поени за книга а никаде не е евидентирано која е таа книга.

Во табелата се даваат поени за трудови во странство каде 1x0.7=1.4.

Доколку се направи детална анализа на приложената табела може да се согледа дека истата е скоро празна. Пополнети се само делови на научни и стручни трудови, додека останатите полиња се празни.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ (САОР)

Во табелата се внесени поени за апликативни проекти 33 а никаде не е евидентирано во чија сопственост се проектите и каде се работени, што доведува до размислување дали навистина истите постојат. Се наведуваат 11 вештачења како експертизи, дали вештачењето на песок претставува експертиза. Вкупно поени по овој основ во табелата се внесени 44x2=88.

Не е јасно според кои критериуми се ставени по 2 поени за апликативните проекти.

Во рамките на СА како апликација кандидатот ги постигнал следните резултати:

– носител на апликативен проект – резултатот е нула,
– член на комисија за ревизија на апликативен проект – резултатот е нула,
– член на комисија за ревизија на геолошки елаборати – резултатот е нула,
– член на комисија за ревизија на геолошки проекти – резултатот е нула,
– носител на студија – резултатот е нула,
– уредник на стручно списание – резултатот е нула,
– член на уредувачки одбор на стручно списание – резултатот е нула

Од приложената табела се гледа дека скоро целата е празна, што значи дека кандидатот предложен за избор во звањето редовен професор ни најмалку не ги задоволува критериумите во поглед на Стручно – апликативна дејност и организациско – развојна дејност.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изнесените аргументи во поглед на забелешките на објавениот реферат за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, бр. 159 од 01.12.2015 год. може да се заклучи дека во објавениот Реферат очигледно се направени одредени пропусти, а особено со непочитувањето на законските регулативи. Сметам дека Деканот ќе го има во предвид претходно изнесеното и ќе се погрижи за да постапи согласно Законот за Високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и формира соодветна рецензентска комисија.

Рецензентската комисија (според мене не е согласно законските регулативи) потребно е да ги согледа забелешките и реално да ги прикаже постигнатите резултати на кандидатот.

14.12.2015 год.
Штип

Подносител
Д-р Орце Спасовски, редовен професор,
Наставно – научна област Економска геологија и лежишта на минерални суровини